# ВЕСНИКОТ „ГЛАС НА ЕГЕЈЦИТЕ“- ВИСТИНАТА ЗА ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ




Граѓанската војна во Грција од 1946 до 1949 година претставува голгота за македонското население од егејскиот дел на Македонија. Таа беше една од најдраматичните и најсуровите војни со огромни последици и неизлечиви трауми за македонското население, особено за најмладите, за недопрените цветови - децата.

Граѓанската војна беше најкобна за напатениот и измачен Македонец од Егејска Македонија, кој во неа влезе организирано и свесно, со надеж дека низ оружена борба, заедно со прогресивните сили на грчкиот народ, а против грчката реакција и странскиот фактор, ќе извојува национална слобода во рамките на една нова демократска Грција.

Меѓутоа, наместо слобода на македонскиот народ, војната донесе погроми и остави трајни траги врз тешката судбина на Македонецот над кого се вршеа различни репресии и невидени притисоци. Како резултат на тоа, огромен број беа принудени да ги напуштат своите родни места. Меѓу нив и над 28.000 деца на возраст од 2 до 15 години беа засекогаш откорнати од својата родна земја во 1948 и 1949 година. Тие беа избркани од прадедовските домови во егејскиот дел на Македонија и беа однесени да живеат во разни земји по светот, каде што им беше обезбеден мирен и спокоен живот, но со тага на срцето.

За време на Граѓанската војна, безбедноста на илјадници деца беше во опасност, бидејќи воените единици и жандармеријата во своите налети, со себе безобзирно го земаше цивилното население и децата, меѓу нив сеејќи страв, особено кај учесниците во ДАГ. Поради тоа беше неопходно обезбедување посигурен живот на децата кои најмногу беа изложени на опасности што секојдневно ги носеше Граѓанската војна.

Така, кон крајот на 1947 година, раководството на Комунистичката партија на Грција и на Привремената демократска Влада на Грција се обратија со молба до владите на земјите со таканаречена „народна демократија“: Југославија, Албанија, Романија, Унгарија, Чехословачка и Полска, привремено да ги примат од ослободените и полуослободените територии нивните деца. По добивањето на пози-

тивниот одговор започна систематска (смислено нз.) и организирана евакуација на децата од егејскиот дел на Македонија. За илјадници од нив, прогонети од дедовските корени тоа беше и пат без враќање.

Сето тоа повеќе и поскромно е забележано во низа публикации објавени насекаде во светот, особено во Република Македонија, кои ја отсликуваат борбата, прогонот, животот, тагата на македонскиот народ во несреќната Егејска Македонија.

Меѓутоа, авторот на овој текст Славе Катин, како новинар-аналитичар ќе се задржи на весникот „Глас на Егејците". Имено, ова информативно гласило почна да излегува во Скопје на 1 септември 1950 година, како орган на Здружението, односно Главниот одбор на Здружението на бегалците од Егејска Македонија.

За период повеќе од три години, колку што излегуваше весникот „Глас на Егејците", се отпечатени четириесет и еден број. Главен и одговорен уредник на почетокот беше доблесниот Тодор Симовски, потоа познатиот Михаило Керамитчиев и значајниот новинар и публицист Христо Андоновски, а бројот на соработниците од Републиката и надвор од неа беше навистина импозантен.

Ваквата журналистичка активност придонесе весникот да биде еден од прозорците кон светот и сакан гостин во домовите на Македонците од егејскиот дел на Македонија, кои живееја во Народна Република Македонија, во многу краишта на ФНР Југославија и во други земји.

Во уводникот на првиот број на „Глас на Егејците" од 1 септември 1950 година, меѓу другото, се вели дека, одамна се чувствуваше потреба за издавање ваков весник за бегалците од Егејска Македонија кои живеат во ФНРЈугославија. Таа потреба, како што се вели, произлегуваше оттаму што весникот требаше да стане организатор и раководител на емигрантите; да ги запознае и да ги ориентира за проблемите на бегалците од Егејска Македонија да биде одраз на животот на Македонците од Егејска Македонија.

Во уводникот се опишуваат и страдањата и борбите на македонскиот народ во Втората светска војна, каде што меѓу другото е пренесено и следното:

*„Свирепиот монархофашистички терор и невидената денационализаторска политика на грчката реакција, како и предавничката политика на Комунистичката партија на Грција, принудија повеќе од триесет илјади Македонци да ги напуштат своите домови и да побараат прибежиште во ФНР Југославија, која братски ги прими и сестрано им помогна да ги залекуваат раните од војната".*

Исто така, во бројот 14 од септември 1951 година се вели: *„Весникот „Глас на Егејците" не е само орган на Главниот одбор на Здружението на бегалците од Егејска Македонија, туку и верен изразувач на вековните намери на целиот македонски народ кој со децении се бори за својата национална слобода, за човечки права. Весникот е огледало на животот на бегалците од Егејска Македонија во Југославија...*

*Весникот се бори за вистината околу НОБ во Грција, која на подмолен начин се обидува да ја замагли предавничкото раководство на КПГ (Комунистичката партија на Грција). Тој е животна артерија што ги поврзува Македонците во туѓина распадени од својата родна грутка. Весникот на своите страници ги собира, систематизира и овековечува борбеното минато, славните традиции и многубројните жртви на македонскиот народ во борбата против неговите поробувачи",* се вели меѓу другото.

Во првиот број на „Глас на Егејците", е објавен текстот што се однесува на животот на децата во Домот во Цриквеница. Во него е забележано дека 292 децабегалци (прогонети) од егејскиот дел на Македонија беа сместени во ова приморско гратче што се наоѓа во непосредна близина на Риека.




Во рамките на Домот, кој е лоциран на самиот брег на Јадранско Море, беше отворено Основното училиште "Гоце Делчев", во кое работеше библиотека со скромен фонд на книги (околу 450), а кое постигнуваше видливи резултати за што беше и наградувано.

Во училиштето особено внимание се посветуваше на образовно-просветната работа. Како резултат на тоа училиштето беше најдобро во Цриквеница; во Домот со успех работеа пионерски хор, фолклорна, рецитаторска и пејачка група, а постоеја и домаќинска, шивачка, пеглачка, градинарска и други секции.

Во овој број исто така е пренесен текстот за една група од 30 деца бегалци од Егејска Македонија, која живееше во Домот во Осиек, Славонија, а која го посети Скопје, главниот град на НР Македонија. Имено, од вкупно 86 момчиња и девојчиња од Егејска Македонија, колку што ги имаше во Домот во Осиек, 30 од нив беа на одмор во Охрид, при што покрај убавиот Охрид посетија и други места во Македонија.

Во бројот 7 од март 1951 година, пак, донесена е веста за изградбата на дом за прифаќање деца-бегалци во селото Петровец, кај Скопје, чиј капацитет е за 60 деца, каде што се обезбедени сите услови за живот.

Потоа во наредниот број објавен е прилогот за Детскиот дом „Лазо Трповски" во Битола, во кој се вели дека во новиот дом што беше отворен на 1 јануари 1951 година, сместени се 92 деца, а се очекува во скоро време Домот да прими 120 деца.

Најмладите во овој дом ги имаат сите услови за живот и работа. Еден дел од помалите деца учат во училиштето „Свети Климент Охридски" а повозрасните во гимназијата. Управата на Домот „Лазо Трповски" се погрижи да ги снабди со училишни торби, книги и друг школски прибор.

Значителен простор му е посветен на текстот за Детскиот дом „Гоце Делчев" во Струга отворен на 1 март 1950 година. Тој има капацитет за 60 деца од 7 до 14-годишна возраст. Децата во Домот се безбедни и се води голема грижа за нивното здравје и исхрана, а во него со успех работат библиотека и шаховска секција.

На страниците на број 10 од јуни 1951 година, претставен е еден од многубројните детски домови формирани во Југославија по ослободувањето, кој имаше за цел да ги прибере сирачињата од војната, како и децата на бедни родители. Тоа беше Домот „11 Октомври" во Скопје, изграден во истоименото стопанство, основан во 1947 година во кој од вкупно 93 деца, 69 беа од Егејска Македонија, меѓу кои 40 девојчиња.

Објавен е и напис под наслов „Успесите на неполната гимназија во Бела Црква", во кој се истакнува дека во учебната 1949/1950 година во Бела Црква се отвори Неполната гимназија, со 221 ученик. Вкупниот број на учениците, заедно со оние во Основното училиште „Гоце Делчев", изнесува 522 деца-бегалци од Егејска Македонија, а бројот на наставниците на крајот на годината беше 12.

Исто така, во долгата репортажа за Домот во Бела Црква од Христо Андоновски од ноември 1951 година, се вели дека Домот е центар на воспитувањето. Авторот Андоновски сликовито го претставува животот, ги опишува работните соби, детската изложба, библиотеката, хорот, балетската група итн.

Во овој број објавен е и текстот кој се однесува на шовинистичкото раководство на КПГ кое се обидува да ја спроведе својата политика и во детските домови, каде што околу 90% од децата се Македончиња. Притоа е даден маркантниот случај кога авторот на текстот Христо Андоновски го запрашал раководителот на Домот во Бела Црква Никос Георгијадис, инаку Грк, зошто наставата ја изведува на грчки јазик, тој се правдал велејќи дека „тие деца се утрешни кадри што ќе раководат со грчкиот народ" .

И во Ѓаково, Војводина, беше основан Дом за децата-бегалци од егејскиот дел на Македонија. За животот и активностите во овој дом е забележано во бројот 17, од декември 1951 година.

Во текстот се вели дека првите деца-бегалци стасале во 1948 година. Во 1949 година тие го основаа друштвото „Крсте Мисирков" со околу 120 членови. Ова друштво постигна видни резултати со презентирањето на македонските песни и ора на гостувањата во повеќе околни градови, но особен успех доживеаја со драмата „Печалбари".

Во бројот 2 од октомври 1950 година, објавен е материјалот кој се однесува на посетата на странски младинци на децата од егејскиот дел на Македонија во Домот во Цриквеница. Странската група младинци составена претежно од Французи, потоа од Виетнамци и еден Индиец, кои беа на изградба на Студентскиот дом во Загреб се сретнаа и разговараа со децата во Домот, каде што наидоа на топол и срдечен прием.

Во наредниот, пак, број од ноември 1950 година, посебен простор е посветен на текстот за заминувањето на 56 деца во Австралија, кои отидоа кај своите родители и роднини на 26 октомври 1950 година преку Црвениот крст. Потоа е претставена прославата на „Неделата на Црвениот крст" во Цриквеница, како и писмото на група од 77 деца од Осиек, во кое е изразена благодарност за грижата што им е укажана.

Анализирајќи го весникот „Глас на Егејците"забележавме декаво бројот 4 од декември 1950 година, на првата страница, објавен е текстот под наслов „Околу прашањето за децата од Грција", во кое, меѓу другото, се вели:

*„Предавниците на интересите на грчкиот и македонскиот народ од Егејска Македонија - Захаријадис и компанија, побеснети, со крокодилски солзи, си ги кинат алиштата за да успеат да го измамат светското јавно мислење по прашањето на децата кои за време на Граѓанската војна во Грција беа принудени да се префрлат во народните републики а на прво место во ФНР Југославија..."*

Понатаму во истиот текст се вели: *„Како и по сите меѓународни проблеми, така и по прашањето на децата од Грција, југословенската Влада има јасен и принципиелен став... Во минатата година од заседанието на Политичката комисија на ООН, југословенската делегација зазеде став дека децата треба да се вратат кај своите родители, без разлика во која земја живеат тие, откако претходно ќе се провери тоа од Меѓународниот црвен крст."*

Како поткрепа на тоа, авторот на текстот Лазо Дамовски - Ошенски наведува еден карактеристичен случај. Имено, Методи Амбаровски од селото Саракиново, Воденско, кој живее во Скопје има три деца. Едниот син - Ване е задржан во Романија, Мице во Чехословачка и Стево во Полска. А вакви случаи кај Македонците од Егејска Македонија има безброј. Затоа родителите со полно право ги бараат своите деца, се истакнува во текстот.

Во бројот 6 од февруари 1951 година, поместена е репортажата од посетата во декември 1950 година на домовите каде што се сместени децата од Егејска Маке-

донија. При посетата на домот во Бела Црква, се вели во репортажата, дознавме дека таму живеат околу 500 деца.




Во Домот има ред и добри хигиенски услови, а учениците живеат и учат во уредни простории. Средбата со децата-бегалци е незаборавна и тешко може да се опише; секое дете сакаше да се поздрави, да праша за своите блиски и подалечни роднини во НР Македонија.

Во бројот 6, весникот го објавуваи писмото од Тана Попова и Лена Јотева – тогашни деца од Егејска Македонија кои беа сместени во Домот во Бела Црква. Писмото беше испратено до весникот „Глас на Егејците", а во него, меѓу другото, пишува:

*„Иако бевме малечки, сепак се сеќаваме на маките и страдањата на нашите родители, како и на нашите маки. Многу од нашите браќа и сестри беа мачени и убивани по затворите, само затоа што се бореа за своите права, за слобода на својот поробен народ. Борбата што ја водеа нашите браќа и сестри, татковци и мајки против монархофашистите навистина беше жестока. Таа борба ги принуди нашите родители да се одделат од нас и да не' испратат во Југославија, со цел да ни го спасат животот",* се посочува во писмото.

Во Ѓаково, односно во Крушевље, се одржуваа и кинопретстави кои беа овозможени со проекторот кој беше подарен од македонскиот ветеран Димитар Влахов, кои беа гледани со задоволство и одушевување. За активностите на децата бегалци во Ѓаково е објавено и во бројот 20, од март 1952 година. Во текстот се вели дека во Ѓаково има училиште во кое се воспитуваат 360 деца кои, покрај наставата, се организираат во домаќинска, хорска, аграрна, балетска, рецитаторска, шаховска и фискултурна секција.

Во бројот 19, од февруари 1952 година, на првата страница од весникот „Глас на Егејците", поместен е текстот за Шестото заседание на Генералното собрание на ООН што се одржа во Париз на 30 јануари 1952 година, а на кое беше расправано и за децата-бегалци и нивното враќање дома. На Собранието југословенскиот делегат Сергие Макиедо, меѓу другото, во својот говор истакнал дека враќањето на децата-бегалци кај своите родители има исклучително хуманитарен карактер и таквиот однос не смее да се користи за политички шпекулации.

Во таа смисла, согласно Резолуцијата за враќање на децата-бегалци кај своите родители, југословенскиот Црвен крст настојува да го реши ова прашање колку што е можно поскоро, притоа барајќи да се поднесат оригинални барања од родителите. Југословенскиот делегат исто така истакнал дека во Југославија се наоѓаат околу

7.800 деца-бегалци со своите родители, а околу илјада деца се по домовите ширум земјата.

Во врска со враќањето на децата-бегалци од Егејска Македонија беше распра-вано и на Петтото заседание на Народното собрание на НР Македонија што се одржа на 30 април 1952 година, на кое претседателот на Владата Лазар Колишевски даде одговор, чиј текст е целосно објавен во бројот 23 од јуни 1952 година.

Колишевски меѓу другото рече: *„Во ноември 1949 година пред Политичкиот комитет на ООН беше поставено прашањето на децата-бегалци од Грција. На-шата делегација заседе позитивен став и со своето истапување придонесе за неговото правилно третирање. Беше донесена резолуција од Генералното собра-ние на ООН со која децата-бегалци од Грција треба да се вратат кај своите родители, без разлика во која земја се наоѓаат. Ова беше поздравено од сите оние во светот што можеа да ја увидат хуманоста на овој акт и трагедијата на ро-дителите и децата кои не по своја вина се распрскани и разделени едни од други во разни држави по светот“.*

Во продолжение на говорот на Колишевски изнесени се податоци за децата-бегалци кои се вратени кај своите родители. Така, речено е, дека сојузната и репу-бличката Влада сторија се’ што можеа да се овозможи собирање на децата и родителите. Како резултат на тоа 555 деца се вратени кај своите родители во Грција, Канада и Австралија.



*Битола*

Исто така, се истакнува во говорот дека југословенската Влада покрена барање за 2.509 деца-бегалци кои се наоѓаат во источните земји да се вратат кај своите ро-дители во Југославија преку Меѓународниот црвен крст. Тој истакнува дека Владата на НР Македонија му посветува посебно внимание на образованието на децата од Егејска Македонија.

Како резултат на тоа голем број од нив завршија разни нижи и средни училишта, а неколку и факултет. Само на скопскиот универзитет има 47 студенти од Егејска Македонија, бидејќи света должност е на децата-бегалци од Егејска Македонија да им се овозможи пристоен и достоен човечки живот, истакнал на крајот Лазар Колишевски.

Во бројот 27, од октомври 1952 година, објавен е текстот за Младинската бригада на девојките од Егејска Македонија од Домот во Осиек, која учествуваше на акцијата

во Маврово. Оваа Младинска бригада покажа вонредни резултати, неколкупати беше пофалувана, а двапати го освои преодното знаме.

Од активноста на децата-бегалци кои живееја по домовите ширум Југославија, во бројот 30, од јануари 1953 година, посебно место е посветено на активностите на децата во Домот “Лазар Трповски“ во Битола. Во написот е прикажан дочекот и прославата на Новата 1953 година во Домот. По тој повод била изведена едночинката „Крап“, биле рецитирани стихови од македонски поети, биле изведени хорски песни, а приредбата завршила со општа веселба на домците и воспитувачите.

Се пренесува и веста за отворање на основно училиште за децата-бегалци кои дојдоа од Војводина и се населија во Демир Капија, потоа за културно-просветната активност во Домот „11 Октомври“ во Неготино, а во бројот 36, од април 1953 година, објавен е текстот кој се однесува на животот на децата-бегалци во Бела Црква. Во последниот текст се вели дека името на Бела Црква и на другите домови ширум Југославија, тесно е поврзано со историјата на Македончињата од Егејска Македонија.

Во Бела Црква најде закрила цутот на најмладата генерација од егејскиот дел на Македонија кој беше осуден да го плаќа тешкиот данок, бидејќи припаѓа на македонски родители кои мораа да го грабнат оружјето и да се борат за слобода.

Се’ на се’ весникот ,,Гласот на Егејците”, останува да биде неизбришлив документариум за голготата, страдалниците, судбините, новите домови и човековата безгранична хуманост. Еве за тоа се вели дека за нас, весникот „Глас на Егејците“ е уште една страница од тажната македонска преселничка сага.



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**